REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER
for Central and Eastern Europe

# Локални Акциони Планови за Животна Средина (ЛЕАПи) за подобрување на одржливоста во Југоисточна Европа

## УПАТСТВО ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА ВО КОМПОНЕНТА 1

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) - Канцеларија во Македонија објавува повик за доставување пријави заради доделување поддршка за развој на Локални акциони планови за животна средина (ЛЕАПи) во општините во Република Македонија. Оваа програма за доделување неповратни средства (грантови) е финансиски поддржана од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida).

Општините од Република Македонија кои планираат да работат на развивање на прв или втор ЛЕАП се поканети да аплицираат.

Максималниот износ на неповратни средства по проект изнесува 7,000 евра (за поголемите општини) и 5,000 евра (за помалите општини). **Крајниот рок за доставување на пријавите е 29 февруари, 2008 година.**

**Скопје, јануари 2008**

# ЗА ДОНАТОРОТ

## *РЕЦ*

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна меѓународна организација, чија мисија е помагање во решавањето на еколошките проблеми во Централна и Источна Европа. РЕЦ ја исполнува својата мисија преку промовирање на соработката помеѓу невладините организации кои работат на заштита на животната средина, властите, бизнис секторот и други заинтересирани страни и преку поддршка на слободна размена на информации за животната средина и учество на јавноста во процесот на донесување на одлуки за животната средина.

РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Европската Комисија. Денес, РЕЦ правно е заснован на Статутот потпишан од Владите на 28 земји и Европската Комисија и на меѓународен договор со владата на Унгарија. Седиштето на РЕЦ се наоѓа во Сентендре, Унгарија, а има канцеларии во секоја од 17 земји корснички:

Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Турција, Унгарија, Хрватска, Црна Гора и Чешка. Дополнително, РЕЦ има свои проектни канцеларии и во Косово (како што е тоа дефинирано според УНСЦР 1244) и Република Српска.

Донатори на РЕЦ се Европската Комисија како и владите на Албанија, Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Германија, Данска, Естонија, Унгарија, Италија, Јапонија, Канада, Летонија, Литванија, Македонија, Холандија, Норвешка, Обединетото Кралство, Полска, Словенија, Соединетите Американски Држави, Србија, Финска, Хрватска, Чешка, Шведска и Швајцарија, како и други интер-владини и приватни институции.

РЕЦ им помага на Невладините организации кои работат на полето на заштита на животната средина (НВОи), на владата, бизнис секторот и други заинтересирани страни од обласна на животната средина, за да ја исполнат нивната улога во

демократското, одржливо општество. РЕЦ работи во девет програмски области:

- Градење на капацитетите за животна средина
- Информирање
- Поддршка на Невладините организации
- Бизнис и животна средина
- Локални иницијативи
- Учество на јавноста
- Политика за животна средина
- Климатски промени
- Закони за животна средина

## *ШВЕДСКА АГЕНЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДЕН РАЗВОЈ И СОРАБОТКА (Sida)*

Шведската агенција за меѓународен развој и соработка е владина агенција во состав на Министерството за надворешни работи. Целта на Sida е да помогне да се овозможи подобрување на условите за живот на сиромашните луѓе.

Како и другите шведски владини агенции, Sida работи независно, во рамките утврдени од Парламентот и од Владата на Шведска. Тие ги утврдуваат буџетите, земјите со коишто ќе работи Шведска, па според тоа и Sida, како и фокусот на меѓународната развојна соработка на Шведска.

Sida е глобална организација. Нејзиното седиште е во Шведска, а има претставништва во педесетина земји.

Повеќе информации може да се најдат континуирано на: www.side.se

# Опис на проектот

## *Цели на проектот*

Главната цел на овој проект е намалување на сиромаштијата во Југоисточна Европа преку интервенции во циклусот: осиромашување на природните ресурси/ деградација на животната средина - ослабена економија - зголемена сиромаштија. Следните цели предвидуваат специфични активности за постигнување на главната цел:

- Подобруавње на планирањето на животната средина;
- Поттикнување и овозможување на инвестиции во животната средина;
- Подобрување на управувањето со животната средина.

## *Очекувани резултати*

Се очекува дека проектот ќе ги донесе следниве резултати како долгорочни придобивки:

- Воспоставена структура за соработка помеѓу општествените чинители на локално ниво во општините (корисници на финансиската помош);
- Информирана јавност за постоечките проблеми од областа на животната средина во секоја општина-корисник;
- Зголемена јавна свест за прашањата поврзани со животната средина во секоја општина-корисик;
- Успешно развиени стратегии за решавање на проблемите од областа на животната средина во секоја општина-корисник;
- Создадени услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина во секоја општина-корисник;
- Спроведени одредени активности, предвидени со ЛЕАП документот.

## *Проектен период*

Проектот ќе биде спроведуван во период од 3 години и тоа од ноември 2007 год. до октомври 2010 год.

## *Активности*

Активностите во проектот се групирани во 3 компоненти:

- **Компонента 1**: Финансиска поддршка за развивање на ЛЕАПи;
- **Компонента 2**: Финансиска поддршка за спроведување на ЛЕАПи;
- **Компонента 3**: Регионална размена за развивање и спроведување на ЛЕАПи во Федерацијата Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Косово (како што е дефинирано според УНСЦР 1244).

## *Компонента 1*

Во рамките на компонента 1 ќе бидат реализирани следните ***активности***:

- Селекција на 6 општини кои ќе бидат поддржани да развијат ЛЕАПи;
- Организирање на промотивни состаноци со локалните власти и други општествени чинители во општините;
- Формирање на организациска структура во општините за развој на ЛЕАПи;
- Почеток и реализирање на јавна кампања за целите и задачите на ЛЕАПи-те;
- Дефинирање на листа на проблеми од областа на животната средина во општините;
- Спроведување на јавни анкети за проценка на јавното мислење во врска со проблемите од областа

на животната средина во општината;

- Рангирање на проблемите од областа на животната средина;
- Подготовка на листа на приоритети од областа на животната средина за општината;
- Развој на стратегии за решавање на приоритетите поврзани со животната средина;
- Изготвување на предлог документи за ЛЕАП во општините;
- Усвојување на ЛЕАП документите во општините.

## *Рокови и услови*

### *Известување*

Сите апликанти ќе бидат известени за резултатите од оценувањето не подоцна од шест недели по крајниот рок за поднесување на пријавите.

### *Договор*

Селектираните општини ќе бидат известени и посетени од страна на персоналот на РЕЦ. Пред овие посети, подносителот треба да формира Иницијативен Комитет за развивање на ЛЕАП во неговата општина, кој треба да брои 6 членови (двајца претставници на НВОи, двајца претставници на локалната самоуправа и двајца претставници на локалниот бизнис сектор). На оваа средба, Единиците на локалната самоуправа ќе ги поканат партнерите, претставниците на иницијативниот одбор, како и други релевантни општествени чинители, и притоа ќе бидат подетално запознаени со процесот на изработка на ЛЕАП. Општините треба да го потврдат уште еднаш своето прифаќање на грантот и исполнувањето на нивните обврски и финансиско учество. Ќе биде презентиран Договорот за финансиска поддршка во кој ќе бидат наведени и условите во однос на известувањето и распоредот на исплаќање на средствата. Договорот ќе биде потпишан за време на првиот практичен курс во април 2008 година. **<u>Во договорот се наведени одобрениот буџет, распоредот на исплатите, барањата за известување и други услови.</u>**

Откако договорот ќе биде потпишан од страна на Директорот на РЕЦ и градоначалникот на општината-добитник на финансиска поддршка, тој станува договор со правна сила помеѓу РЕЦ и општината, претставувана од страна на градоначалникот.

Договорот исто така објаснува дека проектот мора да се одвива онака како е наведено во пријавата за изработка на ЛЕАП. Ако има некои значајни измени од предлог проектот, за тоа мора да се добие писмено одобрение од Директорот на РЕЦ. **Под значајни измени се подразбираат: разлика во буџетот за било која ставка поголема од 10%, промена во датумите за реализација на активностите, персоналот итн.**

### *Кој го потпишува договорот?*

1. Градоначалникот го потпишува договорот во име на општината, а Директорот на РЕЦ во име на РЕЦ. Договорот го вклучува вкупниот буџет на проектот.
2. Сите потписи мора да бидат авторизирани со печат на општината, односно РЕЦ.
3. Со потписот на Директорот на РЕЦ и печатот на РЕЦ, договорот станува правно обврзувачки. Со тоа условите наведени во упатствата за подготвување и конкурсот за финансиска поддршка, стануваат исто така правно обврзувачки.

### *Предуслови*

Во некои случаи може да бидат поставени предуслови. Овие предуслови мора да бидат исполнети во рамките на крајните рокови наведени во писмото за известување, пред потпишување на договорот.

### *Исплата на грантот*

Сумата за грантот се префрла од сметката на РЕЦ на наменска сметка на општината. Исплатата на средствата не може да биде направена во готово или со чекови. Исплатата на средствата се врши во денари.

### *Барања за извештаи*

Координаторот на проектот е одговорен за подготвување на описниот и финансискиот дел од извештаите, следејќи ги притоа сите барања за

известување. Координаторот на проектот ги разгледува овие извештаи и нивната точност и ги испраќа во целосна форма заедно со финансиските потврди во Канцеларијата на РЕЦ за одобрување.

Договорот за грант ги содржи барањата за известување. Сите извештаи мора да бидат напишани на македонски јазик.

Општината треба да подготви краток преглед на финалниот извештај на англиски за главната канцеларија на РЕЦ.

Напатствија за детален извештај ќе бидат дадени за време на првиот тематски курс на добитниците на грантови.

### *Враќање на средствата*

Доколку, од било која причина, условите не се исполнат, средствата мора да се вратат на канцеларијата на РЕЦ. Договорот има правна сила и барањата од договорот мора да се исполнат од Општината и од РЕЦ. Во случај на несогласувања, надлежни се судовите во Македонија.

### *Опрема*

Кога фондовите на РЕЦ се користат за купување на опрема, фактурата мора да покажува дека РЕЦ ја има купено опремата. Со други зборови, опремата ја купува РЕЦ а форумулар за евиденција на опрема на РЕЦ мора да се приложи со финансискиот извештај.

Договорот кажува дека РЕЦ ја има сопственоста врз опремата за време на реализацијата на проектот. За време на проектот, РЕЦ и ја позајмува опремата на Општината. На крајот од проектот, или доколку на Општината не и треба повеќе опремата, таа треба да биде ставена на располагање на друга Општина или организација. Во тој случај канцеларијата на РЕЦ ќе одлучи за понатамошното користење на опремата.

Во завршниот извештај, Општината може да побара продолжено користење на опремата, со тоа што ќе објасни за кои цели би ја користела. Опремата мора да се користи за поддржување на еколошки непрофитни активности.

Кога се разгледува барањето за опремата во предвид се зема реализацијата на проектот од страна на Општината. Доколку барањето се одобри, Општината ја превзема сопственоста врз опремата.

Во ретки случаи кога Општината неправилно ја користи опремата, на пример во профитни активности, канцеларијата на РЕЦ има право веднаш да ја одземе истата.

### *Пристап до информации*

Сите одобрени проекти се сметаат за јавни. Секоја информација добиена како резултат од финансиран проект е јавно достапна.

Доколку во рамките на проектот се издаде публикација, Општината е должна да достави најмалку 3 копии од публикацијата до Канцеларијата на РЕЦ.

Одбиените пријави не се достапни за јавноста, освен доколку авторот на проектот не даде одобрение на РЕЦ, или доколку не ја понуди апликацијата на друг донатор за потенцијално финансирање.

### *Одобрување и изјава*

Спонзорството од страна на РЕЦ за било кој проект не претставува одобрување од страна на РЕЦ на резултатите од проектот. РЕЦ не презема никаква одговорност за штетите настанати од било која активност во рамките на проектот.

### *Благодарност за Грантот*

Признание за поддршката на РЕЦ е добредојдено. Било каква објава, дистрибуирана од Општината, како написи во весник или брошури, пожелно е да вклучат признание како следново:

*"Овој проект е поддржан од страна на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа со средства обезбедени од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка - Sida ".*

# *Подготовка на пријавата*

Вкупната сума побарана за финансирање на проекти од страна на апликантите секогаш ја надминува сумата која е наменета за финансирање на проекти. Поради тоа пријавите се селектираат на конкурентска основа.

Оценувањето на пријавите се врши од страна на независен Локален советодавен одбор.

Пријавата мора ги содржи следните делови:

1. **Насловна страна на пријавата;**
2. **Профил на општината (Додаток А);**
3. **Листа на досегашни проекти (Додаток Б);**
4. **Изјава за соработка меѓу партнерите (Додаток В);**
5. **Преглед на буџетот на проектот (Додаток Г);**
6. **Оправдување на буџетот (Додатоци Г1, Г2, Г3);**
7. **Одлука од Советот на општината за иницијатива за изработка на ЛЕАП (Додаток Д);**
8. **Опис на партнерите во проектот (Додаток Ѓ).**

## *Како да се аплицира*

Доколку Вашата Општина е заинтересирана за изработка на прв или втор ЛЕАП и ги исполнува минималните услови за пријавување опишани во Повикот за доставување на пријави, Ве молиме следете ги следните чекори:

### *1. Насловна страна*

Пополнете ја насловната страна, потпишете ја и ставате печат.

### *2. Профил на општината (Додаток А)*

Пополнете ја табелата според видот на информациите кои се бараат. Ве молиме при пополнувањето на Додаток А да имате во предвид дека истиот се пополнува врз база на информациите кои ги имате и со кои располагате во моментот.

Заради пополнување на Додаток А не треба да се извршуваат дополнителни испитувања.

Доколку е потребно, додаток А може да биде проширен на повеќе страници.

### *3. Листа на досегашни проекти (Додаток Б)*

Во Додаток Б треба да се внесат информации за проектите кои досега ги има реализирано Општината, а кои се од областа на животна средина или инфраструктура. Доколку нема такви проекти, да се внесат информации за било какви други проекти реализирани од страна на Општината, а во кои биле вклучени и други организции како партнери на Општината.

Пополнете ги сите информации кои се бараат во Додаток Б, за секој проект посебно.

### *4. Изјава за соработка (Додаток В)*

Додатокот В треба да покаже посветеност на партнерите да земат учество во проектот. Изјавата треба да биде потпишана од градоначалникот и личноста која е номинирана од страна на партнерот. Изјавата треба да ја потпише секој од идентификуваните партнери.

### *5. Преглед на буџетот (Додаток Г)*

Додатокот Г го опишува буџетот за целиот процес на изработка на ЛЕАП, мора да биде пополнет многу јасно. Прегледот на буџетот е базиран на оправдувањето на буџетот кое треба да

биде образложено во наредните формулари (Г1, Г2, Г3). Изразете ги сумите во ЕУР.

Во прегледот на буџетот вклучете ја и сумата на средства дадени од Општината, партнерските организации и други спонзори (доколку има).

Имајте во предвид дека **учеството на Општината и партнерските организации во процесот на изработка на ЛЕАП мора да биде минимум 50% од вкупната сума побарана од РЕЦ.**

## *6. Оправдување на буџетот (Додатоци Г1, Г2, Г3)*

Подносителот на пријавата заедно со партнерските организации мора да изготви детално оправдување на буџетот, кое претставува основа за прегледот на буџетот. Користете ги Додатоците Г1, Г2, Г3 итн. за да подготвите буџет за секој вклучен субјект во проектот. Следејќи ги упатствата кои се дадени подолу, вметнете ги сите детали кои одговараат на Вашата пријава.

Ставките на буџетот се:

### *Плати (месечни)*

Одредете го времето кое координаторот на проектот и другиот персонал ќе го потрошат за реализација на проектот, со тоа што ќе покажете колку тие заработуваат месечно и за време на целиот проект.

Платите кои ќе бидат побарани од РЕЦ, или прикажани како учество на локалната самоуправа, не треба да го надминуваат републичкиот просек за таков тип на работно место.

### *Консултанти (За одредена работа)*

Секоја краткотрајна услуга потребна за проектот, треба да се стави во оваа ставка. Одредете за секој консултант колку време ќе потроши на проектот и колку секој посебно ќе заработи.

*Напомена: Консултантите, експерти за тематските области како и за финална подготовка на ЛЕАП документот ќе бидат обезбедени од страна на РЕЦ и не треба да бидат вклучени во овој буџет.*

***Вкупната сума одредена за консултанти не смее да надминува повеќе од 20 % од средствата побарани од РЕЦ.***

### *Опрема*

Одредете го типот на опремата, колку парчиња се потребни и цената по парче. Зошто е потребна опремата? Според финансиските правила на РЕЦ, "опрема" е секоја ставка која чини повеќе од 200 ЕУР и која се користи подолго од една година. Примери за опрема се мебел, компјутери, и друго. Софтвер може да биде "опрема" зависно од вредноста.

### *Набавки*

Излистајте ги ставките и сумата, предвидената цена по ставка и количината. Во набавки може да се вклучат хартија, фотокопирање, канцелариски материјал, коверти, дискети, калкулатори, надоградба на компјутер и друго помалку од 200 ЕУР.

### *Трошоци за комуникација*

Предвидете ги трошоците за е-маил, телефони, факс, како и поштенските трошоци (по месеци).

### *Трошоци за публикации*

Предвидете го бројот на страни, бројот на копии, јазикот, темата, трошоците по копија.

### *Патни трошоци*

Наведете за секое патување: транспортно средство, дестинација, цел, број на луѓе и трошоци за секое патување по човек.

### *Сместување и храна*

Одредете ја цената за сместувањето за човек по ноќ, дозволени дневни трошоци по човек, број на луѓе кои се сместуваат и број на денови. Овде се вклучуваат и трошоците за освежување и храна во текот на состаноците на работните групи, јавните трибини итн.

### *Други директни трошоци*

Трошоци кои не може да се стават во ниедна друга ставка, може да бидат ставени под други директни трошоци (на пр. изнајмување на сала, изнајмување на канцеларија и комуналии). Неоправданите трошоци во оваа ставка нема да бидат прифатени.

*РЕЦ не покрива непредвидени трошоци.*

## *7. Одлука од Советот на општината за иницијатива за изработка на ЛЕАП (Додаток Д)*

Приложете копија од Одлуката на Советот на општината со која се потврдува следново:

1) Се усвојува иницијатива за изработка на ЛЕАП
2) Се потврдува финансиско учество на општината во процесот на изработка на ЛЕАП и определениот износ во периодот 2008/2009 година.
3) Се потврдува дека постои консензус / одлука за програмирање на локалниот буџет во периодот од 2009 - 2010 година на начин што ќе осигури кофинансирање во инвестиционата компонента од минимум 50%.

## *8. Опис на партнерите во проектот (Додаток Ѓ)*

Како што веќе е наведено во конкурсот, правилна идентификација и вклучување на партнерите е едно од барањата на проектот.

Во овој дел, Ве молиме објаснете како ги идентификувавте сите заинтересирани страни во проектот, која е нивната врска со тематиката односно претходно стекнато искуство, и на кој начин тие ќе бидат вклучени во реализација на проектот.